Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 62, 15 јуни 2011 година

јуни 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во наставно-научното поле машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научната областа подготовка на минерални суровини на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната и уметничка област џез гитара на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната облест менаџмент во царина и шпедиција на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент за наставно-научното поле историски науки на Филолошки факултетот при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 31

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област фармакологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 33

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 41

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент / вонреден професор за наставно-научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Испитување на машински материјали“ од д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 66

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Машински материјали“ од д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 67

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Ургентни состојби во стоматологијата” од доц. д-р Цена Димова, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 68

**РЕЦЕНЗИЈА** на материјалот за електронска скрипта по предметот Македонски јазик со култура на изразувањето од доц. д-р Виолета Николовска, Педагошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 70

**РЕЦЕНЗИЈА**на „Практикум“ по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........ 72

**РЕЦЕНЗИЈА** на интерна скрипта по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........ 74

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ/ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФАРМАКОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип донесе Одлука број 2502-131/6 од 25 ноември 2010 год. за распишување на Конкурс за избор на наставник во насловно звање ***доцент/вонреден професор*** за наставно-научната област ***фармакологија*** на Факултетот за медицински науки во Штип. На 25 јануари 2011 година, Наставно-научниот совет донесе Одлука број 2502-148/23 и Решение број 2502-148/40 за претседател, 2502-148/41 член и 2502-148/42 член, за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научна област *фармакологија* на Факултетот за медицински науки во следниов состав:

1. д-р Стојмир Петров, редовен професор, вработен на Институтот за фармакологија при Медицински факултет во Скопје, претседател,
2. д-р Никола Силјановски редовен професор, вработен на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член,
3. д-р Никола Камчев вонреден професор, вработен на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник“ и „Лајм“, на 22 декември 2010 год., и во предвидениот рок се пријави д-р Трајан Балканов, вработен на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија - Скопје.

Врз основа на приложената документација на кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Трајан Балканов** е роден на 19 март 1962 г. во Куманово. Основно и средно образование (гимназија) завршува во Скопје. Студиите на Медицинскиот факултет ги започнува во учебната 1981/1982 г., а дипломира во 1987 г. со просечен успех 8,38. Од 15 февруари 1990 година работи на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија во Скопје.

За помлад асистент по предметот Фармакологија е избран во 1991 година, а за асистент во 1996 година. во 2000 г. и во 2003 г. е реизбран во асистент.

Специјализацијата по специјалноста *клиничка фармакологија* ја започнува во 1992 година. Специјалистичкиот испит го полага на 22 декември 1995 година.

На 6 мај 1999 г. ја одбранува магистерската теза со наслов „*Превентивно и тераписко дејство на донорите на азотниот оксид на експериментално предизвикани гастрични улкуси кај стаорци со нестероидни антиинфламаторни лекови (НСАИЛ)”* со што се стекнуваа со звање **магистер по медицински науки**.

Во периодот од 31 мај до 1 јуни 1994 година престојува на стручен семинар, со работен наслов Bioavailability, Bioequivalence and Therapeutic Substitucion, по покана од Фармацевскиот факултет во Љубљана.

Како автор и коавтор учествува на повеќе домашни и светски конгреси. Ментор е на неколку студентски теми.

Во периодот од 17 февруари до 26 февруари 1995 година престојува на семинарот Pharmacological Evaluation of Cardioprotective Substances, Фраибург, Германија.

На 1 март 2001 година успешно ја одбранува докторската дисертација со наслов „*Влијание на активноста на серумската холинестераза и дибукаинскиот број врз должината на деполаризираниот невромускулен блок*”, под менторство на проф. д-р Звонимир Будиќ, на Медицинскиот факултет во Ниш (Универзитет во Ниш, СРЈ), со што се стекнува со звање **доктор по медицински науки**. Со Одлука на Министерството за образование и наука на Република Македонија, од 26 ноември 2004 година му се признаени завршените докторски студии и стекнатиот степен доктор по медицински науки.

***Список на рецензирани трудови:***

1. „*Несакани дејства на лекови*“ Т.Балканов, П.Милошевски, М.Сланинка - Мицеска XV Симпозиум на лекарите по општа медицина на Македонија, 1-2 ноември 1991.
2. „*Местото на теофилинот во терапијата на бронхијална астма*“ С.Петров, Н.Лабачевски, М.Сланинка - Мицеска, С.Трошанска, Т.Балканов XV Симпозиум на лекарите по општа медицина на Македонија, 1-2 ноември 1991.
3. „*Мониторирање на лековите*“ М.Сланинка-Мицеска, П.Милошевски, Т.Балканов, Н.Лабачевски XV Симпозиум на лекарите по општа медицина на Македонија, 1-2 ноември 1991.
4. „*Фармакокинетски интеракции меѓу антиепилептици како дел од рационална терапија на епилепсија*“ Н. Лабачевски , П. Милошевски , М. Сланинка - Мицеска, Т. Балканов. XV Симпозиум на лекарите по општа медицина на Македонија, 1-2 ноември 1991.
5. „*Влијание на разни фактори врз диспозицијата на теофилинот кај нормотензивни стаорци*“ С. Петров, Н. Лабачевски, Т. Балканов

Прв македонски пулмо-алерголошки конгрес со меѓународно учество, 6-10 септември 1993, Зборник на резимеа стр. 448.

1. „*Бета 2 микроглобулин во диференцијална дијагноза на бубрежните заболувања*“ Т. Груев, К. Чакаларовски, С. Шубеска, С. Ефремова, Т. Балканов, С. Петровска Прв конгрес на медицинските биохемичари на Република Македонија, Зборник на апстракти, 13-15 октомври 1993.
2. “*Quantitative contents of cholesterol and triglycerides in the separated HDL of patients with fresh myocardial infarction*“ P.Kandikjan, S.Sabolic, D.Djordjevic, B.Polenakovic, T.Balkanov Balkan Journal of Clinical Laboratory, Vol 1 No 2 1994.
3. “*The role of prostaglandin E2 on prevention of gastric ulcers induced by non - steroidal antiinflammatory drugs in rats*“ T.Balkanov, M.S.Miceska, J.Trojacanec, S.Petrov. Pharmacological reasearch, vol.31 Suppl. p:94. 1995.
4. „*Фармакологија на постоперативна болка*“ З.Николова-Тодорова, Т.Балканов Прв конгрес на хирурзите на Македонија, Зборник на трудови, Охрид 1995, стр.149.
5. T.Balkanov, M.Slaninka-Miceska, S.Petrov: “*Role of nitric oxide in the healing process of gastric ulcers*“. Acta Biologiae et Medicinhae Exp, Vol 21, Suppl, p.30, 1996.
6. M.Slaninka Miceska , T.Balkanov, S. Petrov “*Response of perfused rat mesentery in vivo on intramesenterical application of bradykinin and L- NMMA*“
7. Kongres farmakologa, Tekirova, Antalija, 4 - 8. 11.1996.
8. T.Balkanov, M Slaninka Miceska, S. Petrov “*Evaluation on the influence of nitric oxide in the healing process of provoked gastric ulcers by piroxicam in the rat*“.
9. Kongres farmakologa, Tekirova, Antalija, 4 - 8. 11.1996.
10. M.Slaninka Miceska, T.Balkanov, S.Petrov “*Endothelium - dependent and endothelium independent relaxation of rat mesentery in vivo . The role of N Monomethyl L –Arginin*“ 4th International Symposium on Multiple Risk Factors in Cardiovascular Disease: Strategies of Prevention of Coronary Heart Disease, Cardiac Failure and Stroke, April 23 - 25, 1997 Washington D.C. USA.
11. M.Slaninka - Miceska, T.Balkanov, S.Petrov “*Effect of the inhibition of the nitric oxide synthetase on chronic gastric ulcers healing*“ Digestive Diseases and Sciences, Vol 42, No.1. p.205.1997.
12. T.Balkanov, M. Slaninka Miceska, S.Petrov “*A nitric oxide donor accelerates healing of*

*gastric ulcers provoked by NSAID in the rat*“ Digestive Diseases and Sciences, Vol 42, No.1. p.205. 1997.
13. M.Slaninka Miceska , T.Balkanov, S. Petrov “*Vascular response of perfused rat mesentery in vivo on nitric synthase inhibition by N Monomethyl Arginine (L -NMMA)“* Acta Biologiae et Medicinae Exp. Vol 21, No 1 Suppl, p.30, 1996.
14. M.Slaninka - Miceska, T.Balkanov, N.Labacevski, M.Piponski, K. Jasovski, P.Milosevski, S.Petrov, S.Tofovic: The influence of endothelium relaxing factor in sympathoinhibitory effects of enalapril in vivo. *Fundamental & Clinical Pharmacology. 2nd European Congres of Pharmacology, Budapest, Hungary, 3-7 July, 1999*.
15. N. Labacevski, T. Balkanov, M.S. Miceska, J. Trojacanec, D. Zafirov, K. M. Piponski, A. Trifunova, S. Petrov, P. Miloševski. “*Influence of sex on pharmacokinetics of theophilline given per os, in a single dose, in normotensive rats*“. Fundamental & Clinical Pharmacology. 2nd European Congres of Pharmacology, Budapest, Hungary, 3-7 July 1999.
16. T. Balkanov, M. Slaninka-Miceska, N. Labacevski, O. Sibinovska, D. Zafirov, P. Milosevski,. S. Petrov: “*The protective role of nitric oxide on experimentally provoked gastrik ulcer with ketoprofen in the rat*“. Fundamental & Clinical Pharmacology. 2nd European Congres of Pharmacology, Budapest, Hungary, 3-7 July 1999.
17. N.Labacevski, E.Kostova, T.Balkanov, M.S.Miceska, J.Trojacanec, O.Sibinovska, S.Petrov, P.Milosevski. “*Comparative bioavailability of two oral preparations of ciprofloxacin*“. Fundamental & Clinical Pharmacology. 2nd European Congres of Pharmacology, Budapest, Hungary, 3-7 July 1999.
18. T. Balkanov, M. [oqakova, S. Konstantinovic, Z. Budic, V,Gjorgjevis, S. Pesic Z.S. Malobabic: “*The pseudocholinesterase activity in surgical patients with acquired hepatic disorders*“. Fundamental & Clinical Pharmacology. EPHAR 2001, Lyon 6-9 July .VOl 15, Suppl. 1, p.64.
19. S.Pesis, T. Balkanov: “*Mehanizam blokade neuromisicne transmisije u klinickoj praksi*“. Pharmaca Iugoslavica 2001, Vol 39 (1-2): 28- 32. Novi Sad - Beograd 2001.
20. Н. Лабачевски, М.Сланинка - Мицеска, Т. Балканов, Д. Зафиров, С. Петров: „*Индукција на микрозомалните цитохром Р-450 ензими“* Мак. сп. мед. 2003;49(1-2):156-170.

Во трудот е прикажана индукцијата на ензими како биолошки одговор на организмот на повторувано изложување на лекови или други ксенобиотици. Опишани се цитохром П-450 ензимите кои се локализирани во мазниот ендоплазматски ретикулум на голем број на ткива, со детално елаборирање на нивните фамилии и субфамилии. Особено е акцентирана важноста на познавањето на тераписките супстанци и агенсите од околината кои доведуваат до индукција на ензимите, со оглед на можноста и едните и другите да имаат влијание врз ефикасноста на истовремено аплицирани други лекови или да предизвикаат токсични промени, како што се карцином, некроза на ткивата или тромбоза. Авторите укажуваат на значењето на познавањето на состојбата на микрозомалните цитохром П-450 ензими што може да придонесе за подобрување на ефикасноста на терапијата, за намалување на несаканите дејства, спречување на предозирањето на лекот (кај т.н. слаби метаболизатори) и спречување на токсични ефекти (кај лица кај кои се формираат токсични метаболити). Наспроти тоа кај луѓе со екстензивен метаболизам може да се констатираат концентрации на лекот во плазма кои се пониски од тераписките и покрај давањето на терапевтски дози.

С.Константиновиќ, Т. Балканов: Акутни проблеми у примени мишиќних релексаната у клиничкој пракси. Војносанитетски преглед 2003; 2 (вол. 60): 219-222.

Во современата анестезиолошка пракса се користат два типа на мускулни релаксанти. Според механизмот на дејство истите се поделени на деполаризирачки и недеполаризирачки, а според должината на дејството на кратко (сукцинилхолин и мивакурониум), средно (атракуриум, рокурониум) и долго дејство (панкурониум). Сите заземаат значително место, бидејќи краткотрајните се користат за индукција во анестезија и краткотрајни хируршки интервенции, додека миорелаксаните со долго дејство се користат за одржување на мускулната релаксација во тек на долготрајните хируршки интервенции.

Д. Зафиров, Т. Балканов, Е.Костова, И. Кикерков, Е. Јованоска, М. Ристески, С. Петров: Ефектот на епоетин алфа во превенцијата на анемија индуцирана со цисплатин кај стаорци. Македонски фармацевтски билтен 2004; 50(1): 1-15-22.

Целта на оваа студија е да се утврди улогата на ендогениот еритропоетин во патофизиологијата на анемијата предизвикана од цисплатин и да се процени ефектот на Епоетин алфа во превенцијата на оваа анемија кај нормотензивни стаорци. Кај нормотензивни стаорци од сојот *вистар*, експериментално беше предизвикана анемија со еднократна и.п. администрација на цисплатин (6 мг/кг/т.т) и истата беше детално анализирана преку хематолошки, биохемиски и патохистолошки испитувања. Во втората етапа од студијата беше следен ефектот на Epoetin alfa (r-HuEPO) во превенцијата на анемијата индуцирана од цисплатин. Основните карактеристики на анемијата која беше предизвикана од Цисплатин беа доцен почеток, умерен интензитет, но временски долготрајна, проследена со ниско ниво на ендоген еритропоетин кое не корелираше со нивото на хемоглобин. Добиените резултати укажуваат на несоодветна синтеза на ендоген еритропоетин на степенот на индуцираната анемија, што е најверојатно и главна причина за развојот на анемијата. Во прилог на ваквото тврдење одат и резултатите добиени од биохемиските и патохистолошките испитувања на бубрезите и коскената срцевина. Претретманот со Epoetin alfa (r-HuEPO) во доза од 150 ИЕ кг/т.т. три пати неделно, почнувајЌи 6 дена пред апликацијата на цисплатин па сѐ до 21 ден, се покажа повеќе од доволен за комплетна превенцијата на анемија индуцирана од еднократната апликација на цисплатин. Во овој случај, администрацијата на еритропоетин единствено може да се сфати како хормонска супституциона терапија, поради што и неговиот превентивен ефект беше максимален.

Н. Лабачевски, М. Сланинка-Мицеска, Ј. Тројачанец, К. Јаќоски, Т. Балканов, П. Милошевски, С. Петров: Ефектот на фенобарбиталот врз серумските концентрации на карбамазепинот и валпроатите кај пациентите со епилептични напади. Мак. сп. мед. 2004; 45(1-2).

Целта на трудот е да се испита ефектот на фенобарбитал врз серумските концентрации на карбамазепин и валпроатите кај пациенти со епилептични напади. Концентрациите на карбамазепин се одредувани од примероци земени од пациенти кои примале карбамазепин и од пациенти кои примале карбамазепин со фенобарбитал во период од 30 дена. Дозата на карбамазепин не се разликува значајно меѓу двете групи. Во групата која примала карбамазепин со фенобарбитал, серумските концентрации на карбамазепин се пониски за 16% од групата пациенти која примала само карбамазепин. Земањето валпроати заедно со фенобарбитал не доведува до сигнификантни промени, ниту во серумските концентрации на валпроатите, ниту во серумските концентрации на фенобарбитал. Концентрациите на валпроатите се одредувани во примероци земени од пациенти кои примале валпроати и пациенти кои примале валпроати со фенобарбитал. Во групата која примала валпроати со фенобарбитал, серумските концентрации на валпроатите се пониски за 2.1% од групата пациенти која не примала фенобарбитал, но не се статистички сигнификантни. Меѓу двете групи пациенти не се забележани ниту сигнификантни разлики во однос на бројот на пациентите кај кои се постигнуваат серумски концентрации на валпроатите во границите на тераписките концентрации. Не се забележани сигнификантни разлики и меѓу концентрациите на фенобарбитал, кога тој се дава заедно со карбамазепин или со валпроати.

Трајан Балканов: „*Влијание на активноста на серумската холинестераза и дибукаинскиот број врз должината на деполаризираниот невромускулен блок*”**,** Универзитет во Ниш. Медицински факултет во Ниш, Сојузна Република Југославија, Република Србија. 2000. Докторска дисертација.

Славко КонстантиновиЌ и Трајан Балканов: *Монографија*, 2003 година, „Мускулни релаксанти-механизам и клиничка примена”.

Во Монографијата, во 9 поглавја, целосно е обработена проблематиката на мускулните релаксанти. Покрај историскиот развој, клучно поглавје на Монографијата се механизмот на дејство и клиничката примена на мускулните релаксанти во клиничката практика. Големо внимание е посветено на несаканите дејства од нивната примена и интеракциите со другите истовремено применети лекови. Посебно поглавје е посветено на

мускулните релаксанти кај децата. Многу интересен е историјатот на развој на оваа група лекови кои денес претставуваат основни лекови во хирургијата и интензивната нега на пациентите. Нивната широка примена потекнува од 1942 година, односно од времето кога е започнато и индустриското производство на пеницилин. Најголемо внимание е посветено на клиничката примена на мускулните релаксанти, со механизам на дејство и дозирање, начинот на употреба и реверзија на нивното дејство.

Билјана Ширгоска, Марија Шолјакова, Лилјана Симјановска, Розалинда Исијановска, Трајан Балканов: „Содиумнитропрусид као хипотензивни агенс за време опште анестезије и ниво азотног оксида у плазми". Acta Medica Medianae 2005; 44 (1):5-9.

Во испитувањето се вклучени 30 пациенти на кои им е дадена општа анестезија поради хронично воспаление на средното уво. Целта на испитувањето била да се одреди нивото на азотен оксид (NO) во плазмата доколку користиме натриум нитропрусид (NNP) како хипотензивен агенс и корелација на плазматското ниво на NO и средниот артериски притисок (SAP). Пациентите се поделени во две групи од по 15 пациенти. Првата група примала општа анестезија со континуирана инфузија на натриум нитропрусид како хипотензивен агенс, додека втората група примала општа анестезија без хипотензивен агенс. Нивото на средниот артериски притисок за време на хипотензивната анестезија изнесувало помеѓу 60 и 70 ммHg (8-9 кPa). Резултатите од испитувањето покажале дека општата анестезија со континуирана интравенска инфузија на NNP доведува до позголемено плазматското нивото на NO во однос на пациентите кои примале само општа анестезија без хипотензивен агенс. Типот на корелација помеѓу NO и SAP е негативен, што значи дека доколку нивото на SAP опаѓа, нивото на NO расте.

## ЗАКЛУЧОК И МИСЛЕЊЕ

Од извештајот и предложениот список на трудови што ги објавил кандидатот д-р Трајан Балканов во стручната и научна периодика, објавените трудови што ги соопштил на стручни и научни собири во земјава и во странство, може да се заклучи дека трудовите се работени со коректна современа методологија и имаат значајна теоретска и практична вредност.

Врз основа на прикажаната анализа и оценка на трудовите и целокупната стручна и научна активност на кандидатот, констатиравме дека д-р Трајан Балканов ги исполнува сите улови за избор на наставник во звањето *насловен доцент* за наставно-научната област *фармакологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, **д-р Трајан Балканов да се избере во звање насловен доцент во наставно-научната област *фармакологија*.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Стојмир Петров – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Никола Силјановски – член, с.р.**
**Проф. д-р Никола Камчев – член, с.р.**

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активностите на Трајан Балканов, доктор на фармацевтски науки, за наставно-научната област фармакологија, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за периодот од 2005 до 2010 година**

| Ред. број | Наставно-образовна дејност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)<br>2008/2009 год. V сем.<br>1 час<br>2009/2010 год. V сем.<br>1 час | 2 | 1,5 x2 | 6 |
| 2. | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)<br>2006/2007 год.<br>V и VI сем.<br>3 часа x4 групи x 2 семестра<br><br>2006/2007 год.<br>III и IV сем.<br>6 часа x 2 групи x 2 семестри<br><br>2007/2008 год.<br>V и VI сем.<br>3 часа x 3 групи x2 семестра<br><br>2007/2008 год.<br>V и VI сем.<br>6 часа x 2 групи x 2 семестри<br><br>2008/2009 год.<br>V и VI сем.<br>3 часа x 2 групи x 2 семестра | 24<br>24<br>18<br>24<br>18 | (108)<br>x0,2 | 21,6 |
| | Ментор на одбранета дипломска работа | 1 | 5 | 5 |
| | Вкупно: | **110** | | **32,6** |

| Ред. број | **Научноистражувачка дејност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Монографија или научна книга**<br>28. Славко КонстантиновиЌ и Трајан Балканов: Монографија, 2003 година, „Мускулни релаксанти- механизам и клиничка примена” | **1** | **10** | **10** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ, ЦА, останати)**<br>21. T. Balkanov, M. Soqakova, S. Konstantinovic, Z. Budic, V, Gorgevis, S. Pesic Z.S. Malobabic:<br>The pseudocholinesterase activity in surgical patients with acquired hepatic disorders.<br>22. S.Pesis, T. Balkanov: Mehanizam blokade neuromisicne transmisije u klinickoj praksi.23. Н. Лабачевски, М.Сланинка - Мицеска,Т Балканов, Д Зафиров, С Петров: *Индукција на микрозомалните цитохром Р-450 ензими*<br>*24*. С.Константиновиќ, Т. Балканов: Акутни проблеми у примени мишиќних релексаната у клиничкој пракси. Војносанитетски преглед 2003; 2 (вол. 60): 219-222.<br>26. Н. Лабачевски, М. Сланинка-Мицеска, Ј. Тројачанец, К. Јаќоски, Т. Балканов, П. Милошевски, С. Петров.: Ефектот на фенобарбиталот врз серумските концентрации на карбамазепинот и валпроатите кај пациентите со епилептични напади. Мак. спи. мед 2004; 45(1-2).<br>29. Биљана Ширгоска, Марија Шољакова, Лилјана Симјановска, Розалинда Исијановска, Трајан Балканов: „Содиумнитропрусид као хипотензивни агенс за време опште анестезије и ниво азотног оксида у плазми". Acta Medica Medianae 2005; 44 (1):5-9 | **6** | **6** | **36** |
| 3 | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови во научен собир:**<br>19. T. Balkanov, M. Slaninka-Miceska, N. Labacevski, O. Sibinovska, D. Zafirov, P. Milosevski,. S. Petrov.<br>The protective role of nitric oxide on experimentally provoked gastrik ulcer with ketoprofen in the rat.<br>20. N. Labacevski, E. Kostova, T. Balkanov, M. S. Miceska, J. Trojacanec, O. Sibinovska, S. Petrov, P. Milosevski.<br>Comparative bioavailability of two oral preparations of ciprofloxacin. | **2** | **2** | **4** |
| 4. | **Одбранета магистерска работа**<br>Превентивно и тераписко дејство на донорите на азотниот оксид на експериментално предизвикани гастрични улкуси кај стаорци со нестероидни антиинфламаторни лекови (НСАИЛ | **1** | **4** | **4** |
| 5. | **Одбранета докторска теза**<br>27. Трајан Балканов: „*Влијание на активноста на серумската холинестераза и дибукаинскиот број врз должината на деполаризираниот невромускулен блок*" Универзитет во Ниш. Медицински факултет во Ниш, Сојузна Република Југославија, Република Србија. 2000. Докторска дисертација | **1** | **8** | **8** |
| | Вкупно: | | | **62** |

| Ред. број | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Труд во стручно списание**<br>Д. Зафиров, Т. Балканов, Е.Костова, И. Кикерков, Е. Јованоска, М. Ристески, С. Петров: Ефектот на епоетин алфа во превенцијата на анемија индуцирана со цисплатин кај стаорци. Македонски фармацевтски билтен 50(1): 1-15-22. | 1 | 2 | 2 |
| 2. | **Стручни награди и признанија** | 1 | 3 | 3 |
| 3 | **Студиски престој во странство** | 1 | 8 | 8 |
| | **Вкупно:** | | | 13 |

| | |
|---|---|
| **Вкупно:** | **107,6** |